Бр./Nr 12-611/2

18-01-2022 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 59-тата седница одржана на 14.01.2022 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 12-611/1 од 08.02.2021 година, против лицето ///, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.

Предметот со број 12-611/1 од 08.02.2021 година да се затвори и да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител на ден 08.02.2021 година, поднесена е пријава за лицето /// и оформен е предмет број 12-611/1 од 08.02.2021 година.

Во пријавата подносителот наведува дека бара да му се врати предмет – гоблен „Булките", за кој тврди дека го дал на лицето /// како возврат за вработување за кое од ова лице добил ветување коешто не било исполнето.

Како што е наведено во пријавата, во 1974/1975 година подносителот на пријавата поднел документи за вработување во градинката /// во ///, при што од пријавеното лице добил ветување за вработување. Откако купил шема, платно и конци, подносителот рачно го изработил гобленот и го дал на лицето ///, како возврат за ветеното вработување.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека со оглед на тоа што настанот опишан во пријавата се случил пред подолг период, надмината е состојбата која би претставувала загрозување на јавниот интерес од страна на службено лице при вршењето на јавните овластувања и службената должност по што оцени дека нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Адреса: „Пресвета Богородица" број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изготвил: А.Р.М.
Одобрил: С.П.Д., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик-претседател**
**Горан Трпеноски**